# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

Ул.„7-ми Септември“ бр.4 тел/факс:045 274 810 e-mail: mak_brod@yahoo.com
www.mbrod.gov.mk

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

**Службен гласник** — **15.07.2015 година**
**Општина Македонски Брод** — **Македонски Брод**
**Излегува по потреба** — **Број 8 – 2015 год.**

ЈУЛИ 2015

Врз основа на член 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09 и 47/11), член 4 од Законот за јавен долг (Сл.весник на Р.М. бр.62/05, 88/08, 35/11 и 139/14) и член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/02), Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на 13.07.2015 година, донесе

# О Д Л У К А

## За долгорочно домашно задолжување на Општина Македонски Брод во рамки на Проектот за подобрување на општинските услуги (МСИП)

### Член 1

Со оваа Одлука се уредува долгорочно домашно задолжување на Општина Македонски Брод, кое ќе се оствари преку потпишување на Договор за под-заем со Министерството за финансии, во рамки на средствата обезбедени со Проектот за подобрување на општинските услуги финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка, во висина на **55.000.000 денари**, а со цел финансирање на капитални инвестициони проекти **„Реконструкција на локален пат од Р104 до с.Звечан“, и „Изградба на локален пат од с.Заград до с.Волче“ Општина МакедонскиБрод.**

### Член 2

Вкупната проценета вредност на овие проекти изнесува **62.407.678 денари**. Општина Македонски Брод се обврзува, до затворањето на финансиската конструкција за реализација на конкретните проекти, да обезбеди средства од сопствениот буџет, кои се предвидени преку Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во Општина Македонски Брод.

### Член 3

Задолжувањето ќе се реализира по пат на домашно долгорочно препозајмување преку Проектот за подобрување на општинските услуги, финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка, под следниве услови:

- **каматна стапка: шест месечен EURIBOR со варијабилен распон**
- **рок на отплата: 13 години**
- **грејс период: 3 години**
- **Последниот датум на отплата на заемот нема да биде подоцна од 15.02.2030 година**

### Член 4

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

**Бр.18 – 615 / 3**
**13.07.2015 година**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на О Д Л У К А за долгорочно домашно задолжување на Општина Македонски Брод во рамки на Проектот за подобрување на општинските услуги (МСИП)**

Се прогласува ОДЛУКА за долгорочно домашно задолжување на Општина Македонски Брод во рамки на Проектот за подобрување на општинските услуги (МСИП), што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 13.07.2015 година.

**Бр.08- 615 /9**
**15.07.2015 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа (Сл,Весник на РМ бр.05/02) член 17 и 18 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство (Сл.Весник на РМ бр.6/12) и член 21 од Статутот на општина Македонски Брод, Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 13.07.2015 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За распишување на јавен оглас за јавно приватно партнерство за јавно осветлување во општина Македонски Брод**

1.Со оваа одлука за распишување на јавен оглас да отпочне постапката за јавно приватно партнерство за јавно осветлување на целата територија на општина Македонски Брод.

2.Во јавното осветлување на целата територија на општина Македонски Брод се планира да се заменат досегашните живини сијалици со нови ЛЕД диоди.

3.Објавата за Јавно приватно партнерство за осветлување во општина Македонски Брод да биде за период од 10 години.

4.Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Македонски Брод.

**Бр. 18 – 615 / 4**
**13.07.2015 година**

**Совет на општина Мак.Брод**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на О Д Л У К А за распишување на јавен оглас за јавно приватно партнерство за јавно осветлување во општина Македонски Брод**

Се прогласува ОДЛУКАТАТА за распишување на јавен оглас за јавно приватно партнерство за јавно осветлување во општина Македонски, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 13.07.2015 година.

**Бр.08- 615 /9**
**15.07.2015 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/2003) Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 13 јули 2015 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на периодичен извештај за работа на ОУ Дом на култура Македонски Брод за период јануари – јуни 2015 година**

**1.** Советот на Општина Македонски Брод, го усвои периодичниот извештајот за работа на Општинска установа Дом на култура Македонски Брод за периодот јануари-јуни 2015 година.

**2.** Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Број 18 - 615/ 5**
**13.07.2015 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 т.15 од Законот за локалната самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл 21.ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник 02/03), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 13.07.2015 година донесе

# О Д Л У К А

**За одобрување на финансиски средства од Буџетот на општина Македонски Брод за ОУ Дом на култура за организирање на превоз до градот Воронеж -Русија**

**Член 1**

Согласно оваа Одлука се одобруваат финансиски средства на ОУ Дом на култура за организирање на превоз на учесници на меѓународен фестивал за народни песни и ора до градот Воронеж во Русија.

**Член 2**

Одобрените финансиски средства во износ во против вреднос од 3600 евра ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Македонски Брод согласно расположливите средства на општината.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр. 18- 615/6**
**13.07.2015 год.**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**За прогласување на О Д Л У К А за одобрување на финансиски средства од Буџетот на општина Македонски Брод за ОУ Дом на култура за организирање на превоз до градот Воронеж -Русија**

Се прогласува ОДЛУКАТА за одобрување на финансиски средства од Буџетот на општина Македонски Брод за ОУ Дом на култура за организирање на превоз до градот Воронеж -Русија, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 13.07.2015 година.

**Бр.08- 615 /9**
**15.07.2015 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл.21 ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник02/03), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 14.07.2015 година донесе

# З А К Л У Ч О К

1.Советот на општина Македонски Брод донесе ЗАКЛУЧОК по однос на барањата за отпишување на заостанат долг за улично осветлување и воопшто за отпишување на давачката за улично осветлување на територијата на општина Македонски Брод дека тоа е јавна давачка уредена со закон со самото поставување на струјно броило, а со тоа Советот не може да ослободи ниту еден барател за ослободување од плаќање на такса за улично осветлување

2.Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр. 18 - 615 / 8**
**13.07.2015 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

**Службен гласник број 8 од 15.07.2015 година на Совет на општина Македонски Брод**

# С О Д Р Ж И Н А

Одлука за долгорочно домашно задолжување на Општина Македонски Брод во рамки на Проектот за подобрување на општинските услуги (МСИП)…….......................стр.2

Заклучок за прогласување на Одлуката за долгорочно домашно задолжување на Општина Македонски Брод во рамки на Проектот за подобрување на општинските услуги (МСИП)…..............................................................................................................стр.3

Одлука за распишување на јавен оглас за јавно приватно партнерство за јавно осветлување во општина Македонски Брод.......................................................................стр.4

Заклучок за прогласување на Одлуката за распишување на јавен оглас за јавно приватно партнерство за јавно осветлување во општина Македонски Брод....................стр.5

Заклучок за усвојување на периодичен извештај за работа на ОУ Дом на култура Македонски Брод за период јануари – јуни 2015 година ..................................................стр.6

Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на општина Македонски Брод за ОУ Дом на култура за организирање на превоз до градот Воронеж – Русија..............................................................................................................................стр.7

Заклучок за прогласување на Одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на општина Македонски Брод за ОУ Дом на култура за организирање на превоз до градот Воронеж –Русија...........................................................................................стр.8

Заклучок по барање за улично осветлување..........................................................стр.9